# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.10/25 од 26.05.2025 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*  *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

**1.** Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на Извештај – Елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од $17^{ти}$ до $20^{ти}$ Март 2025 година ................................................. **3**

**2.** Одлука за усвојување на Извештај – Елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од $17^{ти}$ до $20^{ти}$ Март 2025 година......................................................................................................... **4**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај – Елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 17ти до 20ти Март 2025 година, донесена на 57-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 26.05.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 450/1.1**
**27.05.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 57-та (вонредна) седница одржана на ден 26.05.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештај – Елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 17ти до 20ти Март 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот – Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – мраз што ја зафати територијата на Општина Росоман од 17ти до 20ти Март 2025 година со арх.бр.09-306/3 од ден 21.05.2025 година со вкупно проценета штета во износ од 380.018.760,00 денари, изготвен од Комисијата за процена и утврдување на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз формирана со Решение бр.08-299/1.2,2 од ден 02.04.2025 година, Решение бр.08-312/1.8 од ден 11.04.2025 година и Решение бр.08-365/1.2 од ден 25.04.2025 година донесени од страна на Советот на Општина Росоман.

**Член 2**

Извештајот – Елаборатот од член 1 на оваа Одлука да се достави до сите надлежни институции за постапување по истиот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 - 450/1.1**
**26.05.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**